Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06,86/08, 51/11,28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден __.11.2026 година донесе,

О Д Л У К А

за прифаќање донација за изработка на документација согласно Проектна програма за адаптација, реконструкција и ревитализација на постојни објекти од ДПГУ„ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ Скопје

Член 1

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје.

Донацијата се состои од изработка на комплетна проектна документација за паркирање на лесни возила над постојни гаражи на ул.„11-ти Октомври“ во Велес и тоа:

- Прва фаза-истражни работи: архивски преглед на постојната документација, визуелен преглед и геометриски мерења, теренски и лабараториски испитувања на конструктивните елементи и материјалите, оцена на состојбата и изготвување извештај/мислење за стабилноста и функционалноста на постојниот објект;
- Втора фаза–основен проект за санација и зајакнување (доколку е потребно):анализи на конструктивната стабилност и сеизмичка отпорност, дополнителни истражувања, избор и разработка на техничко решение, статички пресметки, цртежи и детали, спецификации, предмет и пресметка и проект за заштита при работа, согласно Проектната програма и
- Сообраќаен проект:проектна документација за планирање на пристапите кон паркинг-просторот и утврдување на бројот на паркинг-места согласно условите на локацијата и применливите прописи.

Член 2

Втората фаза ќе се изработи само ако од наодите во првата фаза произлезе дека постојниот објект не ги исполнува барањата за стабилност и функционалност.

Донацијата се однесува на проектни и истражни услуги, а не на изведување градежни работи.

Вредноста на донацијата изнесува 1.200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Член 3

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како прима тел и ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје како давател на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Од страна на Друштво за проектирање, градежништво и услуги ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Борка Талевски“бр.29/2 во Скопје, застапувано од управителот Ивица Мијалков, до Советот на Општина Велес е поднесено Барање за прифаќање на донација-изработка на проектна документација за паркирање на лесни возила над постојни гаражи на ул.„11-ти Октомври“-Велес Техн.број А03-121/26 од 05.11.2026 година, наш број 09-4651/1 од 05.11.2026 година.

Со ова барање Друштвото за проектирање, градежништво и услуги ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје изразува подготвеност на Општина Велес да донира изработка на проектна документација и спроведување на потребните истражувања и испитување за проектот „Користење простор (плоча) за паркирање на лесни возила над постојни гаражи на ул.„11-ти Октомври“Велес, во согласност со приложената Проектна програма.

Целта на оваа донација е создавање на стручни и технилки предуслови за безбедно и функционално користење на постојната плоча како паркинг-простор.

Согласно Барањето за донација предметот на донацијата опфаќа активности и документи и тоа:

- Прва фаза-истражни работи: архивски преглед на постојната документација, визуелен преглед и геометриски мерења, теренски и лабараториски испитувања на конструктивните елементи и материјалите, оцена на состојбата и изготвување извештај/мислење за стабилноста и функционалноста на постојниот објект;
- Втора фаза–основен проект за санација и зајакнување (доколку е потребно):анализи на конструктивната стабилност и сеизмичка отпорност, дополнителни истражувања, избор и разработка на техничко решение, статички пресметки, цртежи и детали, спецификации, предмет и пресметка и проект за заштита при работа, согласно Проектната програма и
- Сообраќаен проект:проектна документација за планирање на пристапите кон паркинг-просторот и утврдување на бројот на паркинг-места согласно условите на локацијата и применливите прописи.

Во барањето е наведено дека втората фаза ќе се изработи само ако од наодите во првата фаза произлезе дека постојниот објект не ги исполнува барањата за стабилност и функционалност.

Донацијата се однесува на проектни и истражни услуги, а на на изведување градежни работи,

Вредноста на донацијата изнесува 1.200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____
_____ 20 ____ год
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 05 -11- 2026
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
09- 4651/1

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО И УСЛУГИ
ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје
ул. „Борка Талевски" бр. 29/2, Скопје | ЕМБС: 6243622 | ЕДБ: 4030007640170

Тех. бр.: А03-121/26 Датум: 05.11.2026 година

ДО: ОПШТИНА ВЕЛЕС
Совет на Општина Велес

ПРЕДМЕТ: Барање за прифаќање донација – изработка на проектна документација за паркирање на лесни возила над постојни гаражи на ул. „11-ти Октомври" – Велес

Почитувани,

Друштвото за проектирање, градежништво и услуги ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 6243622 и ЕДБ 4030007640170, застапувано од управителот Ивица Мијалков, изразува подготвеност на Општина Велес да ѝ донира изработка на проектна документација и спроведување на потребните истражувања и испитувања за проектот **„Користење простор (плоча) за паркирање на лесни возила над постојни гаражи на ул. „11-ти Октомври" – Велес"**, во согласност со приложената Проектна програма.

Предметот на донацијата ги опфаќа следните активности и документи:

1. **Прва фаза – истражни работи:** архивски преглед на постојната документација, визуелен преглед и геометриски мерења, теренски и лабораториски испитувања на конструктивните елементи и материјалите, оцена на состојбата и изготвување извештај/мислење за стабилноста и функционалноста на постојниот објект.
2. **Втора фаза – основен проект за санација и зајакнување (доколку е потребно):** анализи на конструктивната стабилност и сеизмичката отпорност, дополнителни истражувања, избор и разработка на техничко решение, статички пресметки, цртежи и детали, спецификации, предмер и предсметка и проект за заштита при работа, согласно Проектната програма.
3. **Сообраќаен проект:** проектна документација за планирање на пристапите кон паркинг-просторот и утврдување на бројот на паркинг-места, согласно условите на локацијата и применливите прописи.

Втората фаза ќе се изработи само ако од наодите во првата фаза произлезе дека постојниот објект не ги исполнува барањата за стабилност и функционалност. Донацијата се однесува на проектни и истражни услуги, а не на изведување градежни работи.

Вкупната вредност на понудената донација изнесува **1.200.000,00 денари со вклучен ДДВ.** Целта е да се создадат стручни и технички предуслови за безбедно и функционално користење на постојната плоча како паркинг-простор.

Ве молиме Советот на Општина Велес да го разгледа ова барање и да одлучи за прифаќање на понудената донација во согласност со применливите прописи.

Прилог: Проектна програма за изработка на градежно-конструктивен проект за простор (плоча) над постојни гаражи кај ул. „11-ти Октомври" – Велес.

Со почит,

ЕУРОБОБИЛД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје

IVICA MIJALKOV
Digitally signed by IVICA MIJALKOV
Date: 2026.11.05 11:00:44 +01'00'

Управител

Ивица Мијалков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 13-2894/1
24.06 2026 год.
ВЕЛЕС

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

За изработка на градежно-конструктивен проект за простор (плоча) над постојни гаражи кај ул. „11ти Октомври" - Велес ОБЈЕКТ: КОРИСТЕЊЕ ПРОСТОР (ПЛОЧА) за ПАРКИРАЊЕ НА ЛЕСНИ ВОЗИЛА НАД ПОСТОЈНИ ГАРАЖИ НА Ул. 11ти ОКТОМВРИ - ВЕЛЕС

ФАЗА - ГРАДЕЖНО-КОНСТРУКТИВЕН ПРОЕКТ

Изработката на градежно - конструктивниот проект е со цел користење на постојната плоча над постојните гаражи, за паркирање на лесни возила.

Покрај градежно - конструктивниот проект, потребно е да се изработи и сообраќаен проект според кој ќе се планираат пристапите на паркинг просторот и бројот на пракинг места.

Основниот градежно-конструктивен проект базично треба да се подготвен врз основа на добиените архитектонски подлоги - Основен проект фаза Архитектура.

Се работи за реконструкција на постојни објекти, главно градени пред современите прописи за градба на објекти од високоградба во сеизмичко активно подрачје, со можни оштетувања од разни причини, за што е потребен посебен пристап, со дефинирање на карактеристиките и капацитетот со кој располага, во однос на бараните критериуми за однесувањето на постојниот конструктивен систем, за гравитациони и сеизмички надворешни влијанија, пропишани со важечката техничка регулатива и современите сознанија.

Треба да се предвидат и спроведат сите неопходни истражни, канцелариски, теренски и лабораториски активностите кои ќе дадат прво одговор дали постојниот објект е стабилен и функционален према прописи.

Ако постојниот објект не ги исполнува барањата согласно важечката техничка регулатива, да се преземат активности за изготвување техничко решение за санација и зајакнување до доведување на конструкцијата во стабилна и функционална состојба, преку изготвување на Основен проект, со сите неопходни, технички образложенија, пресметки и графички прилози до предмер и предсметка.

Поконкретно Проектот да се состои од две фази со следните содржини:

ПРВА ФАЗА

-ИСТРАЖНИ РАБОТИ-

- Архивски претраги со преглед на расположивата постојна техничка документација и собирање информации од писмени и усмени извори, неопходни за комплетна дијагностика, како Главен проект фаза Архитектура и конструкција, Одобрение за градба. Документација од изведба и испитувања, конструктивни интервенции, адаптации, реконструкции, доградби, технички прием.
- Дополнување на сознанијата од постојната документација преку визуелен преглед и контролни геометриски мерења на објектот со цел идентификација на основниот конструктивен систем, квалитет на вградените материјали, квалитет на изведба и одржување;

- In situ испитувања на селектирани конструктивни елементи со примена на опрема за недеструктивно тестирање (склерометар, профометар и слично) за добивање информации за основните квантитативни и квалитативни карактеристики на вградените материјали;
- Прелиминарна оцена на глобалниот капацитет на јакоста и деформабилноста со цел да се дефинира потребниот соодветен број на додатни деструктивни истражувања;
- Дополнување на допрецизирање на информациите за карактеристиките на вградените материјали во основниот конструктивен систем преку минимален број на деструктивни тестови, како отварање на шлицеви, вадење кернови и слично;
- Обработка на добиените информации и изготвување на Извештај/мислење за состојбата на објектот со посебен осврт на состојбата на основниот конструктивен систем на објектот со програма за понатамошни активности за доведување на истиот во стабилна и функционална состојба согласно барањата на важечката техничка регулатива кај нас и современите сознанија за однесување на ваков тип на објекти во сеизмички активни региони.
- **ЗАКЛУЧОК: ВО КОЛКУ ОБЈЕКТОТ НЕ ГИ ЗАДОВОЛУВА БАРАЊАТА ЗА СТАБИЛНОСТ И ФУНКЦИОНАЛНОСТ СЕ ОДИ НА ВТОРА ФАЗА**

ВТОРА ФАЗА

-ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА САНАЦИЈА И ЗАЈАКНУВАЊЕ-

Анализа на стабилност и степен на повредливост, со техничко решение за доведување на објектот во стабилна и функционална состојба према барањата на постојната законска регулатива, со детали и спецификација на количините, на ниво на Основен проект, фаза градежно конструктивен проект, кој треба да содржи:

- Геомеханички и геофизички истражувања на локацијата на објектите за дефинирање на условите на фундирање и карактеристики на почвените слоеви над основна стена со цел да се дефинира динамичкиот фактор на амплификација. За објектите може да се користат и сознанијата од легалните документи за оцена на сеизмичките влијанија на конкретна локација.
- Дополнителни теренски истражувања на локацијата и на пошироко подрачје.
- Недеструктивни тестови на доволен број избрани витални конструктивни елементи, како столбови, греди и меѓукатни конструкции.
- Деструктивни тестирања на витални елементи од објектите, чија точност на карактеристиките на материјалите имаат влијание на оцената за техничкото решение за доведување на објектот во стабилна состојба.
- Деструктивни тестирања со лабораториска потврда за карактеристиките на материјалот, вадење кернови од вграден бетон.

- Оцена на карактеристиките на зидаријата од полна тула и камен, (ако има такви конструктивни елементи), на основа на постојни испитувања на објекти со слични материјали и време на градење.
- Дополнителни контролни испитувања за допрецизирање на динамичките карактеристики на објектите, ако имаат битна влијанија на бараната сеизмичка заштита;
- Статичка анализа за еквивалентни сеизмички сили, за гравитациони и сеизмички надворешни влијанија.
- Параметарска анализа на елементите до гранични состојби на јакоста, крутоста и деформабилноста за да се оцени колку карактеристиките на вградените материјалите имаат влијание на капацитетот на постојниот објект.
- Избор на репрезентативни карактеристики на материјали како база за понатамошна анализа на стабилност.
- Динамичка анализа на карактеристични конструктивни единици за реални сеизмички дејство. Може да се користат расположивите записи од земјотреси од базите на податоци во Европа и светот.
- Анализа на стабилност и степен на повредливост за постојна состојба;
- Заклучоци за стабилноста на објектите со предлог на неопходни мерки за доведување на објектите во стабилна и функционална состојба, према барањата на постојната техничка регулатива.
- Предлог на технички решенија за санација и зајакнување;
- Избор на најсоодветно решение од стабилносен, изведбен и економски аспект;
- Оптимизација на јакоста, крутоста и деформабилноста на зајакнатиот носив конструктивен систем, со контролирано и диригирано дуктилно однесување на објектот за гравитациони и сеизмички надворешни влијанија, очекувани на предметната локација. (вклучува статичка и сеизмичка анализа, анализа до гранични состојби на јакоста крутоста и деформабилноста, динамички одговор за реални сеизмички дејства, се до постигнување на задоволителна јакост/крутост, прифатлива деформабилност и степен на повредливост.
- Анализа на стабилност за избраното техничко решение;
- Техничка разработка на решението
- Основен проект, фаза конструкција, за санација и зајакнување кој ќе ги содржи сите неопходни: технички образложенија, пресметки, кофражи, арматурни детали, детали на челични врски и спецификација на количините;

Техничко образложение

Анализа на товари

Статички пресметки

Пресметки до гранични состојби на јакоста крутоста и деформабилноста

Дијаграми на јакост – деформабилност постојна состојба

Дијаграми на јакост – деформабилност зајакната состојба состојба

Глобални карактеристики на постојна и зајакната состојба

Кофражни планови

Арматурни детали

Детали на челични елементи

Спецификација на арматура

Спецификација на челик

Карактеристични детали за зајакнување со опис на технологија

Предмер со предсметка

- Предмер и предсметка на конструктивните работи, припремни работи, земјани, бетонски, армирачки, зидарски, браварски и врски;
- Технички спецификации за застапените позиции;
- Технологија на изведба за карактеристични детали;
- Проект за заштита при работа;

Основниот проект да ги содржи сите потребни елементи, со што може да се оди на тендер за изведба.

При изработката на проектот да се користат следните закони и правилници:

- Законот за градење, со измени и дополнувања (Службен весник на РМ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22, 111/23, 171/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25, 269/25, 51/26 и 134/26 год.)
- Правилник за техничките нормативи за изградба на објекти на високоградба во сеизмички подрачја – ПИОВС' 81 (Службен весник на РМ 31/81) со негови измени, дополнувања и решенија (Службен весник 49/82, 29/83, 21/88, 52/90 и 52/85)

- Правилник за техничките нормативи за оптоварувања на носечките градежни конструкции (Службен весник 26/88 и 70/91, МКС (YUS) U.C7.110/1991, МКС (YUS) U.C7.111/1991, МКС (YUS) U.C7.112/1991 и МКС (YUS) U.C7.113/1991)
- Правилник за техничките нормативи за темелење на градежни објекти (Службен весник 15/90)
- Правилник за технички нормативи за челични конструкции (Сл.лист на СФРЈ бр. 61/86 год.)
- Правилник за технички нормативи и услови за монтажа на челични конструкции (Сл.лист на СФРЈ бр. 28/70 год.)
- Правилник за содржината на проектите, означувањето на проектот, начинот на заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење на електронските записи (Сл. Весник на РМ бр. 71/09)
- Правилникот за техничките нормативи за бетон и армиран бетон (Сл. лист на СФРЈ бр. 11/87)
- Корисни товари за станбени и јавни објекти (ЈУС У.Ц7.121 од 1988 односно ИСО 2 103 од 1986)
- Современите сознанија за проектирање, конструирање, анализа и однесување на sидани и лесно армирани армиранобетонски објекти, изложени на гравитациони и сеизмички надворешни влијанија, а за градба во сеизмички активни региони.

Изготвил: Леона Брчков
Одобрил: Петре Ципаков

Градоначалник,
На Општина Велес
Марко Колев